Audit & Business Advisory

# Железници на РСМ Транспорт АД, СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2021 година и

# Извештај на независните ревизори

A member of mgiworldwide

| **Содржина** | **Страна** |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ | 1 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ | |
| - Извештај за финансиска состојба | 7 |
| - Извештај за сеопфатна добивка | 8 |
| - Извештај за промените во капиталот | 9 |
| - Извештај за паричните текови | 10 |
| - Белешки кон финансиските извештаи | 11 |
| - Прилози | |

Audit & Business Advisory
Ул. „1661“ бр. 9 - 50
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:
Раководството и Акционерот на
„Железници на РСМ Транспорт“ АД, Скопје

# Извештај на независните ревизори

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на „Железници на РСМ Транспорт“ АД, Скопје (во понатамошниот текст “Друштвото„), составени од Извештај за финансиска состојба на ден 31 декември 2021 година и Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[1]. Задради прашањата опишани во пасусот “Основа за воздржување од давање мислење“, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за нашето ревизорско мислење.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Основа за воздржување од давање мислење***

Како што е објавено во Белешка 5 кон придружните финансиски извештаи, нето евидентираната вредност на недвижностите, постројките и опремата на Друштвото со состојба на 31 декември 2021 година изнесува 1.798.484 илјади Денари. Прифатената сметководствена политика опишана во Белешка 2.7 кон овие финансиски извештаи, бара Друштвото на крајот на секој пресметковен период, да направи проценка на можното оштетување на недвижностите, постројките и опремата и доколку се идентификувани такви случаи, на ниво на т.н. единици кои генерираат парични текови, да ја утврди и евидентира веднаш како оштетување разликата помеѓу евидентираната и употребната или нето продажната вредност. Врз основа на спроведените ревизорски процедури ние не стекнавме достатни и соодветн ревизорски докази дека ваквата проценка е извршена на датумот на известување. Освен тоа, поради природата и комплексноста на овие средства, ние не бевме во состојба да направиме таква сопствена проценка и со разумна сигурност да го утврдиме износот на потребните корекции на евидентираната вредност на недвижностите, постројките и опремата на датумот на известување.

Дополнително, врз основа на спроведените процедури констатиравме дека на датумот на известување 31 декември 2021 година, Друштвото нема извршено целосно усогласување на регистарот на основни средства и сметководствената евиденција на недвижностите - градежни објекти вклучително и станбениот и деловниот простор со податоците според имотните листови од Катастарот на недвижности. Како резултат на тоа, не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на комплетноста и точноста како и правата и обврските на евидентираните недвижности на Друштвото со состојба на 31 декември 2021 година.

Како што е објавено во Белешка 9 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година, Друштвото има евидентирано гудвил на износ од 7.322.422 илјади Денари (2020: 7.322.422 илјади Денари). Гудвилот е иницијално признаен во текот на 2007 година во постапката на поделба на ЈП Македонски Железници и основањето на Друштвото, како усогласување на разликата помеѓу евидентираниот капитал во Централниот Регистар на Северна Република Македонија и проценетата вредност на капиталот добиена од поделбата. Евидентирањето на гудвилот е спроведено врз основа на Извештај изработен од надворешен консултант и одлука на Влада на Република Северна Македонија. Ваквото признавање не е во согласност со сметководствената политика за иницијално признавање на гувил опишана во Белешка 2.6 кон придружните финансиски извештаи, каде истиот е дефиниран како вишок на набавната вредност над учеството на Друштвото во објективната вредност на идентификуваните средства и обврски на подружниците на датумот на стекнување во постапка на деловна комбинација. Соодветно средствата на Друштвото на датумот на известување се преценети, а акумулираните загуби потценети за износот на евидентираниот гудвил.

Ул. „1661“ бр. 9 - 50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

Како што е објавено во Белешка 11 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година, салдото на залихи изнесува 461.571 илјади денари. Врз основа на спроведените ревизорски процедури идентификувани се ставки на дел од залихата кои се некурентни т.е. немаат обрт во текот на годината со сметководствена вредност на износ од 297.320 илјади денари. Друштвото ги нема сведено овие залихи на пониската од сметководствената и нивната нето реализациона вредност. . Следствено, ние не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на соодветноста и доволноста на евидентираниот износ на залихите на Друштвото со состојба на 31 декември 2021 година.

Како што е објавено во Белешка 12 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година, салдото на побарувањата од купувачи и останати побарувања на Друштвото, нето од резервирањата поради оштетувања, изнесуваат 273.624 илјади Денари. Спроведените ревизорски процедури, вклучувајќи ја и постапката на независна верификација на селектиран дел од салдата на купувачите на Друштвото, не ни овозможи да стекнеме разумно уверување во однос на валидноста и точноста на евидентираниот износ на побарувањата од купувачите и останатите побарувања на Друштвото на датмот на билансирање.

Како што исто така објавено во Белешка 12, со состојба на 31 декември 2021 година салдото на вкупните резервирања од оштетување на побарувањата од купувачи и останати побарувања на Друштвото изнесува 234.715 илјади Денари. Анализата на кредитниот ризик презентирана во рамките на споменатата белешка покажува дека побарувањата од купувачи, класифицирани во категоријата доспеани, а неотпишани, со состојба на 31 декември 2021 година, вклучува побарувања во износ од 179.174 илјади Денари, кои се постари од 1 и повеќе години за кои постои значајно сомневање во можноста за нивна наплата. Друштвото нема признаено во своите финансиски извештаи со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2021 година соодветно резервирање поради оштетување на погоре споменатите побарувања. Следствено, ние не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на соодветноста и доволноста на евидентираниот износ на резервирањето поради оштетување на побарувањата од купувачи на Друштвото со состојба на 31 декември 2021 година.

Како што е објавено во Белешка 16 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година, салдото на обврските кон добавувачи и останати обврски на Друштвото изнесуваат 2.645.878 илјади Денари. Спроведените ревизорски процедури, вклучувајќи ја и постапката на независна верификација на селектиран дел од салдата на обврските на Друштвото, не ни овозможи да стекнеме разумно уверување во однос на валидноста и точноста на евидентираниот износ на обврските кон добавувачи и останатите обврски на Друштвото на датмот на билансирање.

Како што е објавено во Белешка 15 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година, салдото на позајмиците со камата на Друштвото изнесуваат 3.665.294 илјади Денари. Спроведените ревизорски процедури, вклучувајќи ја и постапката на независна верификација на селектиран дел од салдата на позајмиците на Друштвото, не ни овозможи да стекнеме разумно уверување во однос на валидноста и точноста на евидентираниот износ на обврските за позајмиците на Друштвото на датмот на билансирање.

Audit & Business Advisory

Ул. „1661“ бр. 9 - 50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

Како што е објавено во Белешка 25 кон придружните финансиски извештаи, согласно склучениот договор за кредит со ЕБОР од октомври 2012 година, Друштвото има превземено обврска, во текот на реализацијата на Проектот финансиран од страна на ЕБОР, да одржи коефициент соднос за сервисирање на долг не понизок од 1, додека истиот со 31 декември 2021 година изнесува (1,12).

Како што е понатаму објавено во Белешка 25 кон придружните финансиски извештаи, согласно добиените прегледи за судски спорови, со состојба на 31 декември 2021 година, судските постапки покренати против Друштвото изнесуваат 153.188 илјади Денари. На датумот на овие финансиски извештаи, не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови и следствено, ние не бевме во состојба  со примена на други процедури да го утврдиме ефектот од овие потенцијални загуби. Соодветно, ние не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на соодветноста на признавањето на погоренаведените трошоци, како и евидентираната вредност на обврските со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2021 година.

Како што е објавено во Белешка 2.19 кон придружните финансиски извештаи, Друштвото не извршило актуарска пресметка за утврдување на сегашната вредност на акумулираните права на вработените за отпремнини, согласно барањата на МСС 19 – „Користи за вработените“, туку истите ги евидентира на готовинска основа. Како резултат на тоа, ние не бевме во состојба да се увериме во потенцијалните ефекти врз трошоците за резервирање и пресметаните обврски по наведените основи на датумот на известување.

***Воздржување од давање мислење***

Поради значајноста на прашањата презентирани во пасусот „Основа за воздржување од давање на мислење“, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за изразување на ревизорско мислење. Следствено, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на „Железници на РСМ Транспорт“ АД, Скопје со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2021 година подготвени во согласност со сметководсвените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Нагласок врз прашање***

Обрнаваме внимание на Извештајот за финансиската состојба на Друштвото каде со состојба на ден 31 декември 2021 година тековните обврски ги надминуваат тековните средства на Друштвото во износ од 3.756.720 илјади Денари (2020: 3.432.531 илјади Денари). Друштвото искажа загуба од работењето во деловната 2021 година во износ од 277.857 илјади Денари (2020: 384.779 илјади Денари) и со состојба на 31 декември 2021 година акумулираните загуби на Друштвото изнесуваат 5.417.964 илјади Денари (2020: 5.140.107 илјади Денари). Овие показатели укажуваат на постоење на материјална неизвесност којашто може да наметне значајно сомневање за способноста на Друштвото да продолжи врз основа на претпоставката за континуитет.

Како што е објавено во Белешка 2.1.1 кон придружните финансиски извештаи, овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на претпоставката на неограничен континуитет во деловното работење на Друштвото која се заснова на претпоставката дека средствата и обврските на Друштвото ќе можат да бидат реализирани во нормалниот тек на деловните активности на Друштвото

Способноста на Друштвото да продолжи со своите деловни активности во неограничена иднина ќе зависи пред се од можноста за изнаоѓање на континуирани извори на финансирање. Имено, дел од приходите во износ од 516.748 илјади денари (2020: 494.941 илјади денари) се субвенции од Министерство за транспорт и врски, како и поддршка за исплата на надоместоци за вработени по основ на регрес и гаранции по основ на земени кредити од страна на Владата на РСМ. Без ваквата подршка, Друштвото не би било во можност да ги подмирува тековните обврски и континуирано да ги извршува своите активности.

Овие финансиски извештаи не содржат било какви корекции и рекласификации на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

Нашето мислење не е модификувано во однос на горното прашање.

Audit & Business Advisory
Ул. „1661“ бр. 9 - 50
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2021 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2021, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2021, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2021.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор | Управител

Бојан Петрески | Бојан Петрески

17 јуни 2022

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 1.798.484 | 2.102.807 |
| Нематеријални средства | 6 | 1.207 | 1.640 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 8 | 7.255 | 6.933 |
| Гудвил | 9 | 7.322.422 | 7.322.422 |
| | | **9.129.368** | **9.433.802** |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски побарувања | 10 | 12.464 | 12.121 |
| Залихи | 11 | 461.571 | 384.919 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 12 | 273.624 | 266.868 |
| Побарувања за данок од добивка | | 64 | 64 |
| Парични средства и еквиваленти | 13 | 285.289 | 315.998 |
| | | **1.033.012** | **979.970** |
| **Вкупно средства** | | **10.162.380** | **10.413.772** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | 14 | | |
| Акционерски капитал | | 9.269.172 | 9.269.172 |
| Акумулирани (загуби) | | (5.417.964) | (5.140.107) |
| **Вкупно капитал** | | **3.851.208** | **4.129.065** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Нетековни позајмици | 15 | 1.521.440 | 1.872.506 |
| | | **1.521.440** | **1.872.506** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Тековни позајмици | 15 | 2.143.854 | 1.857.475 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 16 | 2.645.878 | 2.554.726 |
| | | **4.789.732** | **4.412.201** |
| **Вкупно обврски** | | **6.311.172** | **6.284.707** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **10.162.380** | **10.413.772** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени на 14 март 2022 од Управниот одбор на „Железници на РСМ Транспорт“ АД, Скопје и потпишани во негово име од:

С. Јовановски

**Г-дин Саша Јовановски**
Заменик на Генерален Директор

**Г-дин Шенур Османи**
Финансиски Директор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 17 | 772.163 | 737.376 |
| Приходи од државни сувенции | | 516.748 | 494.941 |
| Останати деловни приходи | 18 | 123.170 | 916 |
| Трошоци за користење на жел. инфраструктура | | (412.173) | (395.105) |
| Услуги за одржување | 19 | (31.889) | (36.088) |
| Потрошени материјали | 20 | (277.198) | (153.624) |
| Трошоци за вработени | 21 | (533.803) | (513.796) |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | (315.768) | (340.744) |
| Останати деловни трошоци | 22 | (59.424) | (75.902) |
| **(Загуба) од деловни активности** | | **(218.174)** | **(282.026)** |
| Финансиски приходи | | 16.420 | 2.632 |
| Финансиски (расходи) | | (76.103) | (105.385) |
| Нето финансиски (расходи) | 23 | (59.683) | (102.753) |
| **(Загуба) пред оданочување** | | **(277.857)** | **(384.779)** |
| Данок на добивка | 24 | - | - |
| **Нето (загуба) за годината** | | **(277.857)** | **(384.779)** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна (загуба) за годината** | | **(277.857)** | **(384.779)** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Акционерски капитал | Акумулирана (загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2020 година** | **9.269.172** | **(4.755.328)** | **4.513.844** |
| *Трансакции со сопствениците* | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | (384.779) | (384.779) |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна (загуба) | | (384.779) | (384.779) |
| **На 31 декември 2020 година** | **9.269.172** | **(5.140.107)** | **4.129.065** |
| **На 01 јануари 2021 година** | **9.269.172** | **(5.140.107)** | **4.129.065** |
| *Трансакции со сопствениците* | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | (277.857) | (277.857) |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна (загуба) | - | (277.857) | (277.857) |
| **На 31 декември 2021 година** | **9.269.172** | **(5.417.964)** | **3.851.208** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| (Загуба) пред оданочување | | (277.857) | (384.779) |
| Исправки за: | | | |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | 315.768 | 340.744 |
| Отпис на ненаплатливи побарувања | 22 | 547 | 2.467 |
| Расход од отпис на залихи | 22 | 1.975 | 70 |
| Приходи од отпис на обврски | 18 | (121.950) | (11) |
| Приходи од државни сувенции | | (516.748) | (494.941) |
| Приходи од дивиденди | 18 | (87) | (139) |
| Вредносно усогласување на финансиски средства расположливи за продажба | 8 | (322) | (33) |
| Приходи од камати | 23 | (208) | (44) |
| Расходи по камати | 23 | 61.173 | 93.166 |
| Добивка од работење пред промени во оперативниот капитал | | (537.709) | (443.500) |
| *Промени во оперативниот капитал:* | | | |
| Залихи | | (78.627) | 423 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | | (7.303) | 138.749 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | | 213.102 | 76.386 |
| Готовина од оперативни активности | | 410.437 | (227.942) |
| Платен данок на добивка | | - | - |
| (Платени) камати | | (61.173) | (93.166) |
| | | **(471.710)** | **(321.108)** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| (Набавка) на недвижности, постројки и опрема | | (11.012) | (404.636) |
| (Набавка) на нематеријални средства | | - | (1.094) |
| Дадени позајмици | | (343) | (741) |
| Приливи од дивиденди | | 87 | 139 |
| Приливи од камати | | 208 | 44 |
| | | **(11.060)** | **(406.288)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| (Отплата) на позајмици | | - | (351.742) |
| Приливи од позајмици | | (64.687) | 861.399 |
| Приливи од добиени државни сувенции | | 516.748 | 494.941 |
| | | **452.061** | **1.004.598** |
| Нето промени кај паричните средства и еквиваленти | | (30.709) | 277.202 |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | | 315.998 | 38.796 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | 13 | **285.289** | **315.998** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Акционерското друштво за транспорт Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје (Железници на РСМ Транспорт АД – Скопје), со одлука на Владата на Република Северна Македонија, формирано е на 08-05-2007 година. Основач на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија.

Структурата на акционерскиот капитал на датумите на известувањ е како што следи:

| | **31 декември 2021** | **31 декември 2020** |
|---|---|---|
| Влада на РСМ | 100.00% | 100.00% |

Фирмата и седиштето на Друштвото, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Ц.О. – Скопје, е на улица „Трета македонска бригада“ бр. 66, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Основната цел на Друштвото е обезбедување на високо-квалитетни транспортни услуги: безбеден, точен, удобен, навремен превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот железнички сообраќај. Едновремено, во Друштвото, да се обезбеди поголема продуктивност, искористеност на постоечките ресурси, развој, безбедна и здрава работна средина. Железници на РСМ АД – Скопје со своите средства нуди транспорт по принцип на одржливост на општествените вредности, а во функција на давање на квалитетни, доверливи, економски и еколошки прифатливи услуги за превоз на патници, стоки и услуги на влеча на возови, согласно потребите на заинтересираните страни. Визијата на Железници на РСМ АД – Скопје е да осигура услови за оптимален развој и интеграција, согласно препораките на UIC и директивите на ЕУ воспоставувајќи, на тој начин, модел на корпоративно управување врз принципи на пазарно работење – на задоволството, од една страна на корисниците на нашите услуги, а од друга и на вработените во Друштвото.

На тој начин, користејќи ја својата местоположба, вкрстување на коридорите 10 и 8, лесно може да се стекнеме со улога на национален лидер во превозот на патници и стока, но едновремено и најпосакуван превозник во соседството.

Бројот на вработени на 31 декември 2021 година изнесува 927 лица (2020 година: 883 лица).

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1. Основа за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” бр. 28/2004 ... 06/2017) и Правилникот за водење сметководство (“Службен весник на РМ” бр. 159 од 29 декември 2009 година, бр. 164 од 2010 година и 107 од 2011 година). Според овој Правилник се пропишува водењето сметководство во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) вклучувајќи ги и Толкувањата на постојниот комитет за толкување (ПКТ) и Толкувања на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (КТМФИ) издадени на 1 јануари 2009 година.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Основи за подготовка (продолжува)**

Финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Подготовката на овие финансиски извештаи во согласност со МСФИ прифатени и објавени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Друштвото ја води сметководствената евиденција и подготвува финансиски извештаи во локалната валута – Македонски Денар (МКД или Денар) која претставува функционална и презентациска валута.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади Денари, освен доколку не е поинаку наведено. Онаму каде што е неопходно направени се прилагодувања во презентацијата на споредбените податоци со цел истата да одговара на презентацијата на тековните податоци.

### 2.1.1 Претпоставка за неограничен континуитет во деловното работење

Овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на претпоставката за неограничен континуитет во деловното работење на Друштвото која се засновува на претпоставката дека средствата и обврските на Друштвото ќе можат да бидат реализирани во нормалниот тек на деловните активности на Друштвото.

Со состојба на ден 31 декември 2021 година, тековните обврски ги надминуваат тековните средства на Друштвото за износ од 3.756.720 илјади Денари (2020: 3.432.531 илјади Денари). Друштвото искажа загуба од работењето во деловната 2021 година во износ од 277.857 илјади Денари (2020: 384.779 илјади Денари) и со состојба на 31 декември 2021 година акумулираните загуби на Друштвото изнесуваат 5.417.964 илјади Денари (2020: 5.140.107 илјади Денари). Друштвото се потпира на единствениот акционер Владата на Република Северна Македонија за финансиска и останата подршка и останата подршка преку превземање на обрските по позајмици со камата во странство како и директни дотации за исполнување на своите обврски кон трети страни. На овој начин Друштвото го финансира дефицитот на парични текови, со цел да овозможи извршување на своите операции, исполнување на своите обврски кон трети страни како што достасуваат и продолжување на своето работење без значајно намалување на своите операции. Без ваквата подршка Друштвото не би можело да ги подмири своите тековни обврски и континуирано да ги извршува своите активности.

**Претпоставка за неограничен континуитет во деловното работење (продолжува)**

Способноста на Друштвото да продолжи со своите деловни активности во неограничена иднина ќе зависи пред се од можноста за изнаоѓање на континуирани извори на финансирање. Имено, дел од приходите во износ од 516.748 илјади денари (2020: 494.941 илјади денари) се субвенции од Министерство за транспорт и врски, како и поддршка за исплата на надоместоци за вработени по основ на регрес и гаранции по основ на земени кредити од страна на Владата на РСМ. Без ваквата поддршка, Друштвото не би било во можност да ги подмирува тековните обврски и континуирано да ги извршува своите активности.

Овие финансиски извештаи не ги земаат во предвид корекциите и рекласификациите на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

## 2.2. Грешки

Грешки можат да произлезат во однос на признавање, презентирање или обелоденување на елементи од финансиските извештаи. Ентитетот ги корегира материјалните грешки од претходниот период ретроактивно, во првиот сет на финансиски извештаи кои се одобрени за издавање откако тие ќе бидат откриени со повторно прикажување на споредбените износи за претходниот презентиран период во кој настанала грешката.

## 2.3. Странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари ("Денари") по средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот за финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | **31 декември 2021** | **31 декември 2020** |
|---|---|---|
| 1 УСД | 54,3736 Денари | 50,2353 Денари |
| 1 ЕУР | 61,6270 Денари | 61,6940 Денари |
| 1 ЦХФ | 59,4683 Денари | 56,8242 Денари |

## 2.4. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна или по претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата. Цената на чинење на средствата, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите и опремата кои се ревалозирани како последица од поделбата на поранешното Јавно Претпријатие Македонски Железници при што почетната вредност на Недвижностите, постројките и опремата е утврдена со извршена проценка на средствата со ефективен датум на 01 Јануари 2007 година датум на основање на Друштвото.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Недвижности, постројки и опрема (продолжува)**

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога трошокот на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во Извештајот за сеопфатната добивка во текот на периодот во кој се јавуваат.

Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек. Депрецијацијата на останатите ставки на недвижностите и опремата се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 10-40 години |
| Постројки и опрема | 10 години |
| Транспортни средства | 4-10 години |
| Останата опрема | 4-20 години |

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ.

Приходите или расходите поврзани со отуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во Извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

### 2.5. Нематеријални средства

Нематеријални средства стекнати од страна на Друштвото, со дефиниран век на употреба, се мерат според набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби од оштетување.

Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите останати трошоци се признаваат во добивки или загуби во периодот кога настануваат.

Амортизацијата на нематеријалните средства се пресметува правопропорционално во период од пет години.

*Софтвер*

Трошоците поврзани со развојот или одржувањето на компјутерски софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи, контролирани од страна на Друштвото и кои најверојатно ќе создадат економски користи што ќе ги надминат трошоците после една година, се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизирани користејќи правопропорционална метода во текот на период од пет години.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.6. Гудвил

Гудвилот претставува вишок на набавната вредност над учеството на Друштвото во објективната вредност на идентификуваните средства и обврски на подружниците на датумот на стекнување при деловна комбинација. Гудвилот се тестира заради оштетување на годишна основа во однос на единица која генерира готовина и која е поврзана со гудвилот.

Доколку надоместливиот износ на единицата која генерира готовина е помал од износот на вложувањето, загуба поради оштетување на гудвилот треба да се признае како расход во извештајот за сеопфатна добивка. Во случај на отуѓување на подружницата, соодветниот износ на гудвилот кој произлегува од истата се вклучува при определувањето на добивката или загубата од оштетувањето.

### 2.7. Оштетување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба се проверуваат за постоење на можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени на услови укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребената вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

### 2.8. Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположиви за продажба. Класификацијата зависи од целите за набавка на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби*

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

*Финансиски средства кои се чуваат до доспевање*

Вложувања чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски средства (продолжува)**
*Кредити и побарувања*

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиската состојба. Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на Извештајот за финансиската состојба се состојат од побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

*Финансиски средства расположливи за продажба*

Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување.

*Признавање и мерење на финансиските средства*

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства кои се признаваат според објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста. Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се последователно евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата. Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Добивките или загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивки / загуби во периодот кога настануваат. Приходите од дивиденди се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во капиталот се вклучува во извештајот за сеопфатна добивка како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност во периодот на кој се однесуваат. Каматите од средствата расположливи за продажба, пресметани врз основа на ефективната каматна стапка се признаваат во добивки/загуби како финансиски приходи. Приходи од дивидени од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски средства (продолжува)**
*Деепризнавање на финансиските средства*

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

*Оштетувањето на финансиските средства*

а. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат. Како докази за оштетување може де се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга реорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки и загуби.

Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Друштвото може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна цена. Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може објективно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба се намалува преку тековните добивки или загуби.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски средства (продолжува)**

б. Финансиски средства расположливи за продажба

На секој датум на Извештајот за финансиската состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Друштвото ги користи критериумите наведени во подточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено.

Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во Извештајот за финансиската состојба, се отстранува од сеопфатната добивка и се признава како добивка или загуба за периодот. Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, загубата поради оштетување се намалува преку тековните добивки или загуби.

### 2.9. Пребивање на финансиските инструменти

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

### 2.10. Залихи

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за завршување, маркетинг и дистрибуција. Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи ја методата на пондериран просек и вклучува трошоци направени за нивна набавка, достава до постоечката локација и состојба на употреба. Трошокот на производите и производството во тек вклучува и соодветен дел на општи трошоци врз основа на нормалниот оперативен капацитет.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.11. Побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени стоки во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни побарувања.

Овие побарувања и позајмици иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и позајмици според нивните оригинални услови на плаќања. Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби со признавање на резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки/загуби. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка.

### 2.12. Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци од датумот на стекнување.

### 2.13. Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби

*(а) Акционерски капитал*

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

*(б) Трошоци поврзани со емисија на акции*

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани како намалување, нето од данокот, на приливите од емисиите.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби (продолжува)**

*(в) Сопствени акции*

Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

*(г) Акумулирани (загуби)*

Акумулираните (загуби) ги вклучуваат загубите од тековниот и претходните периоди.

*(д) Дивиденди*

Дивидендите се признаваат во капиталот во периодот во кој што се одобрени од страна на сопствениците на Друштвото.

### 2.14. Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман. Сите финансиски обврски на Друштвото на датумите на известување се класифицирани во категоријата останати финансиски обврски по амортизирана набавнавредност. Овие финансиски обврски се состојат од обврски спрема добавувачи и останати обврски и позајмици.

*Обврски кон добавувачи и останати обврски*

Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведниот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски. Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

*Позајмици*

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност; разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски обврски (продолжува)**

Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето. Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 2.15. Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити каде се очекуваат трошоците за квалификувани средства се одземаат од трошоците за позајмување кои можат да се квалификуваат за капитализација.

Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

### 2.16. Наем

Друштвото признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

*Друштвото како закупец*

Финансиски наем е тековен закуп на средство кој на Друштвото суштински му ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственоста на предметот на наем. Закупените средства се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по нивната објективна вредност или ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните наем плаќања. Плаќањата по основ на наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на наем обврските со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот. Капитализираните средства за наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот работен век на средството или според наем периодот, ако не постои реална сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост над средството до крајот на наем периодот.

Исплатите на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Поврзаните трошоци како што се трошоци за одржување и осигурување се признаваат во периодот на нивното настанување.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Наем (продолжува)**

*Друштвото како закуподавач*

Наемот каде Друштвото како закуподавач суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен наем во Извештајот за финансиската состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на наем периодот на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход.

### 2.17. Тековен и одложен данок на добивка

Трошокот за данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

*Тековен данок на добивка*

Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка, корегирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.

*Одложен данок на добивка*

Одложен данок на добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен трошок се користат тековните важечки даночни стапки.

Одложениот даночен трошок се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка. Со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година Друштвото нема евидентирано одложени даночни обврски односно средства.

### 2.18. Надомести за вработените

*Придонеси за пензиско осигурување*

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Надомести за вработените (продолжува)**

Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

*Краткорочни користи за вработените*

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

*Обврски при пензионирање на вработените*

Друштвото, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Друштвото не пресмета и не евидентира резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените на датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 2.19. Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и
- Побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во Извештајот за финансиската состојба.

### 2.20. Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна процена на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна процена. Кога ефектот на временската вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.21. Признавање на приходите и расходите

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Друштвото, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Друштвото.

**Приходи од продажба на производи**
Приходот од продажба на производи се признава во моментот на испорака до корисникот, кога приходот може да се пресмета, кога е сигурно дека ќе има финансиски прилив и кога се исполнети специфични критериуми во однос на активностите на Друштвото. Приходите не се сметаат разумно мерливи се додека сите услови поврзани со продажбата не се исполнети.

**Приходи од обезбедување на услуги**
Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

**Приходи од наемнини**
Приходи од наемнини на средства под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Непредвидените наемнини, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

**Финансиски приходи и трошоци**
Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата.
Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

**Приходи од дивиденди**
Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

**Расходи од деловното работење**
Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

**Пребивање на приходите и расходите**
Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи. Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.22. Распределба на дивиденди

Распределбата на дивиденди на акционерите на Друштвото е евидентирана како обврска во финансиските извештаи во периодот кога тие се одобрени од акционерите на Друштвото.

### 2.23. Превземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна процена на износот на загубата.

### 2.24. Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Друштвото со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

### 2.25. Известување по оперативни сегменти

Деловниот сегмент претставува група на средства и деловни активности за обезбедување на производи и услуги, кои се подложни на ризици различни од оние кај други деловни сегменти. Географскиот сегмент пак обезбедува производи и услуги во рамките на одредено економско опкружување подложно на ризици различни од оние кај другите географски сегменти.

### 2.26. Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на Друштвото на денот на Извештајот за финансиската состојба (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

### 3.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Управниот одбор врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 3.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датумот на Извештајот за финансиската состојба, кои се прикажани во следната табела:

***Класи на финансиски средства - евидентирана вредност***

| | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| Финансиски средства расположливи за продажба | 7.255 | 6.933 |
| Финансиски побарувања | 12.464 | 12.121 |
| Побарувања од купувачи, нето | 231.207 | 240.548 |
| Пресметани камати на купувачи | 8.828 | 8.828 |
| Останати побарувања | 691 | 2.469 |
| Побарувања од вработени | 111 | 265 |
| Парични средства и еквиваленти | 285.289 | 315.998 |
| | **545.845** | **587.162** |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

### 3.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Друштвото. Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

| | | | | **31 декември 2021** |
|---|---|---|---|---|
| | Тековни | | | Нетековни |
| | До 1 година | 1 до 2 години | 2 до 5 години | Покасно од 5 години |
| Позајмици со камата | 2.143.854 | 304.288 | 1.217.152 | - |
| Обврски кон добавувачи | 2.553.073 | - | - | - |
| Обврски за депозити | 3.336 | - | - | - |
| Обврски спрема вработени | 26.809 | - | - | - |
| | **4.727.072** | **304.288** | **1.217.152** | **-** |

| | | | | **31 декември 2020** |
|---|---|---|---|---|
| | Тековни | | | Нетековни |
| | До 1 година | 1 до 2 години | 2 до 5 години | Покасно од 5 години |
| Позајмици со камата | 1.857.475 | 349.411 | 1.218.475 | 304.620 |
| Обврски кон добавувачи | 2.437.605 | - | - | - |
| Обврски за депозити | 10.936 | - | - | - |
| Обврски спрема вработени | 25.227 | - | - | - |
| | **4.331.243** | **349.411** | **1.218.475** | **304.620** |

### 3.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Пазарни ризици (продолжува)**

*Ризик од курсни разлики*

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари, и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути. Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| ЕУР | 387.304 | 405.356 |
| | 387.304 | 405.356 |
| **Обврски** | | |
| ЕУР | 3.299.638 | 3.780.278 |
| | 3.299.638 | 3.780.278 |
| Нето средства | **(2.912.334)** | **(3.374.922)** |

*Анализа на сензитивноста на странски валути*

| | Нето износ | % на промена на курсот | Позитивни промени | Негативни промени |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **2021** |
| ЕУР | **(2.912.334)** | 1% | (29.123) | 29.123 |
| **Добивка / (Загуба)** | | | **(29.123)** | **29.123** |

| | Нето износ | % на промена на курсот | Позитивни промени | Негативни промени |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **2020** |
| ЕУР | (3.374.922) | 1% | (33.749) | 33.749 |
| **Добивка / (Загуба)** | **(3.374.922)** | | **(33.749)** | **33.749** |

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот за 1% во однос на ЕУР. Негативен износ погоре означува намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај ако Денарот ја зголеми својата вредност во однос на странските валути за 1% во однос на ЕУР. При намалување на вредноста на Денарот во однос на странските валути за 1% во однос на ЕУР, ефектот врз добивката или останатиот капитал е еднаков, но со обратен предзнак, како што е прикажано во табелата погоре (во илјади Денари).

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Пазарни ризици (продолжува)**
*Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност*

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат неповолен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 7.255 | 6.933 |
| Финансиски побарувања | 12.464 | 12.121 |
| Пресметани камати на купувачи | 8.828 | 8.828 |
| Останати побарувања | 691 | 2.469 |
| Побарувања од вработени | 111 | 265 |
| Парични средства и еквиваленти | 1.764 | 2.133 |
| | **31.113** | **32.749** |
| *Со фиксна каматна стапка* | | |
| Побарувања од купувачи, нето | 231.207 | 240.548 |
| Парични средства и еквиваленти | 283.525 | 313.865 |
| | **514.732** | **554.413** |
| | **545.845** | **587.162** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| Обврски кон добавувачи | 2.553.073 | 2.437.605 |
| Обврски за депозити | 3.336 | 10.936 |
| Обврски кон вработени | 26.809 | 25.227 |
| Позајмици со камата | 153.497 | 173.406 |
| | **2.736.715** | **2.647.174** |
| *Со фиксна каматна стапка* | | |
| Позајмици со камата | 51.288 | 51.308 |
| *Со променлива каматна стапка* | | |
| Позајмици со камата | 3.460.509 | 3.505.267 |
| | **6.248.512** | **6.203.749** |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Пазарни ризици (продолжува)**

*Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност (продолжува)*

*Анализа на сензитивноста на каматни стапки*

| | | | 2021 |
|---|---|---|---|
| | Нето износ | 2% | (2%) |
| Со променлива каматна стапка | 3.460.509 | 69.210 | (69.210) |

| | | | 2020 |
|---|---|---|---|
| | Нето износ | 2% | (2%) |
| Со променлива каматна стапка | (3.505.267) | (70.105) | 70.105 |

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку каматните стапки би биле повисоки/пониски за 2%.

### 3.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

*Показател на задолженост*

Структурата на изворите на финансирање на Друштвото се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците обелоденети во Белешка 15, парични средства и еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, законски резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по кредити се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Ризик при управување со капиталот (продожува)**

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Позајмици со камата | 3.665.294 | 3.729.981 |
| Парични средства и еквиваленти | (285.289) | (315.998) |
| Нето обврски | 3.380.005 | 3.413.983 |
| Капитал | 3.851.208 | 4.129.065 |
| | 88% | 83% |

### 3.6. Процена на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

### 3.6.1. Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во Извештајот за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиски средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност (продолжува)**

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во Извештајот за финансиска состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи (во илјада денари):

| **31 декември 2021** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | |
| Финансиски средства расположливи за продажба | - | - | 7.255 | 7.255 |

| **31 декември 2020** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | |
| Финансиски средства расположливи за продажба | - | - | 6.933 | 6.933 |

Финансиските средства расположливи за продажба се состои од учество во капиталот на странски правнен субјект.

### 3.6.2. Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Разликата помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

| | **Евидентирана вр.** | | **Објективна вр.** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| **Средства** | | | | |
| Финансиски побарувања | 12.464 | 12.121 | 12.464 | 12.121 |
| Побарувања од купувачи, нето | 231.207 | 240.548 | 231.207 | 240.548 |
| Побарувања од вработени | 111 | 265 | 111 | 265 |
| Пресметани камати на купувачи | 8.828 | 8.828 | 8.828 | 8.828 |
| Останати побарувања | 691 | 2.469 | 691 | 2.469 |
| Парични средства и еквиваленти | 285.289 | 315.998 | 285.289 | 315.998 |
| **Вкупни средства** | **538.590** | **580.229** | **538.590** | **580.229** |
| **Обврски** | | | | |
| Позајмици со камата | 3.665.294 | 3.729.981 | 3.665.294 | 3.729.981 |
| Обврски кон добавувачи | 2.553.073 | 2.437.605 | 2.553.073 | 2.437.605 |
| Обврски за депозити | 3.336 | 10.936 | 3.336 | 10.936 |
| Обврски кон вработени | 26.809 | 25.227 | 26.809 | 25.227 |
| **Вкупни обврски** | **6.248.512** | **6.203.749** | **6.248.512** | **6.203.749** |

*Кредити и побарувања*

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност, поради нивната краткорочна доспеаност.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

### Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност (продолжува)

*Останати финансиски средства*

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

*Обврски спрема доверителите и обврски по кредити*

Објективната вредност на обврските кон добавувачите и останатите обврски е приближна на евидентираната вредност. Објективната вреност на позајмените со варијабилна каматна стапка е приближна на евидентираната вредност поради прилагодувањата на каматните стапки и специфични финансиски обврски кон пазарните каматни стапки за слични инструменти.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 2 кон овие финансиски извештаи, од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да одстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

*Несигурност во проценките*
*Оштетување кај нефинансиски средства*

Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските текови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

*Оштетување кај финансиски средства*
*Оштетување на побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања*

Друштвото пресметува оштетување за побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања врз основа на процена на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При процена на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи, дадените позајмици и останатите побарувања, процената се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетување кои се досега признати.

*Употребен век на средствата што се амортизираат*

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2021 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5 и 6. Фактичките резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност, посебно во делот на ИТ опремата и софверите.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ (продолжува)

*Залихи*

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При процената на нето реализационата вредност ги зема предвид најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

*Објективна вредност на финансиски средства*

Доколку пазарот на финансиски инструменти не е активен, Раководството ја утврдува објективната вредност со користење техники за процена. Во примената на техниките за процена, Раководството прави максимално искористување на пазарните инпути, и користи проценки и претпоставки кои се, колку што е можно, во согласност со податоците кои учесниците на пазарот ќе ги користат при определување на цената на инструментот. Во случај каде овие податоците не се видливи, Раководството ги проценува претпоставките на учесниците на пазарот при определување на цената на финансискиот инструмент. Овие проценки можат да се разликуваат од реалните цени кои можат да се постигнат во трансакција извршена под комерцијални услови на датумот на известување.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2021**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 5. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Градежни објекти | Опрема, алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | Инвестиции во тек и аванси | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност:** | | | | |
| На 1 јануари 2020 година | **557.234** | **5.267.738** | **118.015** | **5.942.987** |
| Набавки во текот на годината | - | 404.483 | 153 | 404.636 |
| **На 31 декември 2020 година** | **557.234** | **5.672.221** | **118.168** | **6.347.623** |
| | | | | |
| На 1 јануари 2021 година | **557.234** | **5.672.221** | **118.168** | **6.347.623** |
| Набавки во текот на годината | - | 11.012 | - | 11.012 |
| Продажба | - | (4.496) | - | (4.496) |
| **На 31 декември 2021 година** | **557.234** | **5.678.737** | **118.168** | **6.354.139** |
| | | | | |
| **Исправка на вредност:** | | | | |
| На 1 јануари 2020 година | **184.245** | **3.720.147** | **-** | **3.904.392** |
| Депрецијација за годината | 14.221 | 326.203 | - | 340.424 |
| **На 31 декември 2020 година** | **198.466** | **4.046.350** | **-** | **4.244.816** |
| | | | | |
| На 1 јануари 2021 година | **198.466** | **4.046.350** | **-** | **4.244.816** |
| Продажба | - | (4.496) | - | (4.496) |
| Депрецијација за годината | 14.221 | 301.114 | - | 315.335 |
| **На 31 декември 2021 година** | **212.687** | **4.342.968** | **-** | **4.555.655** |
| | | | | |
| **Нето евидентирана вредност** | | | | |
| **На 31 декември 2020** | **358.768** | **1.625.871** | **118.168** | **2.102.807** |
| **На 31 декември 2021** | **344.547** | **1.335.769** | **118.168** | **1.798.484** |

*Залог врз недвижности, постројки и опрема*

Со состојба на 31 декември 2021 недвижностите, постројките и опремата се ставен под залог за одобрените кредити од страна на финансиски институции. Како гарант за одобрените кредити се јавува Министерство за финансии на Република Северна Македонија. (види Белешка 15 и 25).

*Инвестиции во тек и аванси*

На 31 декември 2021 и 2020 година, авансите за, и инвестициите во тек се состојат од:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Вложувања во градежни објекти | 118.168 | 118.168 |
| | **118.168** | **118.168** |

## 6. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

На 31 декември 2021 и 2020 година, нематеријалните средства во целост се состојат од капитализирани трошоци за стекнување софтвер. Движењето на сметката на овие средства за известувачките периоди е како што следи:

| | Набавна вредност | Акумулирана амортизација | Нето вредност |
|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2020** | **11.200** | **(10.334)** | **866** |
| Набавки во текот на годината | 1.094 | - | 1.094 |
| Амортизација за годината | - | (320) | (320) |
| **На 31 декември 2020/ 01 јануари 2021** | **12.294** | **(10.654)** | **1.640** |
| Набавки во текот на годината | - | - | - |
| Амортизација за годината | - | (433) | (433) |
| **На 31 декември 2021** | **12.294** | **(11.087)** | **1.207** |

## 7. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ПО КАТЕГОРИИ

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Друштвото признаени на датумот на известувањето за објавените периоди можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

| | Средства по објективна вредност преку добивки и загуби | Расположливи за продажба | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **31 декември 2021** | | | |
| **Средства според Извештајот за финансиска состојба** | | | |
| Финансиски средства расположливи за продажба | - | 7.255 | 7.255 |
| Финансиски побарувања | 12.464 | - | 12.464 |
| Побарувања од купувачи, нето | 231.207 | - | 231.207 |
| Побарувања од вработени | 111 | - | 111 |
| Пресметани камати на купувачи | 8.828 | - | 8.828 |
| Останати побарувања | 691 | - | 691 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 285.289 | - | 285.289 |
| | **538.590** | **7.255** | **545.845** |

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
**За годината која завршува на 31 декември 2021**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

**Финансиски инструменти по категории (продолжува)**

| 31 декември 2021 | Обврски по објективна вредност преку добивки и загуби | Останати финансиски обврски по амортизирана набавна вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Средства според Извештајот за финансиска состојба** | | | |
| Обврски кон добавувачи | - | 2.553.073 | 2.553.073 |
| Обврски кон вработените | - | 26.809 | 26.809 |
| Обврски за депозити | - | 3.336 | 3.336 |
| Позајмици | - | 3.665.294 | 3.665.294 |
| | **-** | **6.248.512** | **6.248.512** |

| 31 декември 2020 | Средства по објективна вредност преку добивки и загуби | Расположливи за продажба | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Средства според Извештајот за финансиска состојба** | | | |
| Финансиски средства расположливи за продажба | - | 6.933 | **6.933** |
| Финансиски побарувања | 12.121 | - | **12.121** |
| Побарувања од купувачи, нето | 240.548 | - | **240.548** |
| Побарувања од вработени | 265 | - | **265** |
| Пресметани камати на купувачи | 8.828 | - | **8.828** |
| Останати побарувања | 2.469 | - | **2.469** |
| Парични средства и парични еквиваленти | 315.998 | - | **315.998** |
| | **580.229** | **6.933** | **587.162** |

| 31 декември 2020 | Обврски по објективна вредност преку добивки и загуби | Останати финансиски обврски по амортизирана набавна вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Средства според Извештајот за финансиска состојба** | | | |
| Обврски кон добавувачи | - | 2.437.605 | 2.437.605 |
| Обврски кон вработените | - | 25.227 | 25.227 |
| Обврски за депозити | - | 10.936 | 10.936 |
| Позајмици | - | 3.729.981 | 3.729.981 |
| | **-** | **6.203.749** | **6.203.749** |

## 8. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Хартии од вредност во странски правни субјекти | | |
| - Некотирани - Еурофима | 7.255 | 6.933 |
| | **7.255** | **6.933** |

Движењето на сметката на вложувања во финансиски средства расположливи за продажба во текот на 2021 и 2020 година е како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| На 01 јануари | 6.933 | 6.900 |
| Промени во објективна вредност: | | |
| - признаени во добивката за годината – курсни разлики | 322 | 33 |
| | **7.255** | **6.933** |

## 9. ГУДВИЛ

Со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година, гудвилот во износ од 7.322.422 илјади Денари се однесува на усогласување на сметоводствените ставки на капиталот од времето на поделбата на ЈП Македонски Железници на два нови правни субјекти: Македонски Железници Транспорт и ЈП Македонски Железници Инфраструктура, односно на усогласување на евидентираниот капитал во Централен Регистар на РСМ и проценетата вредност на капиталот добиена од поделбата. Евиденцијата е спроведена врз основа на извештај изработен од надворешен консултант и одлука на Владата на РСМ.

## 10. ФИНАНСИСКИ ПОБАРУВАЊА

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Краткорочни позајмици и депозити** | | |
| Краткорочни позајмици на вработени | - | 5 |
| Депозити | 12.464 | 12.116 |
| | **12.464** | **12.121** |

Во текот на 2021 година, Друштвото има одобрено нови позајмици и депозити на износ од 2.541 илјади Денари (2020: 2.433 илјади Денари). Евидентирани се наплати на позајмици во текот на 2021 година на износ од 2.198 илјади Денари (2020: 1.692 илјади Денари).

## 11. ЗАЛИХИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Резервни делови | 393.239 | 331.857 |
| Залиха на суровини и материјали | 65.391 | 49.196 |
| Ситен инвентар и амбалажа | 2.750 | 3.653 |
| Трговски стоки | 191 | 213 |
| | **461.571** | **384.919** |

## 12. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Побарувања од купувачи** | | |
| Побарувања од купувачи во земјата | 118.844 | 112.009 |
| Побарувања од купувачи во странство | 65.702 | 81.516 |
| Побарувања од странски железници | 270.238 | 270.113 |
| | **454.784** | **463.638** |
| Намалено за: резервирање поради оштетување | (223.577) | (223.090) |
| | **231.207** | **240.548** |
| **Останати побарувања** | | |
| Побарувања на данок од додадена вредност | 38.928 | 19.742 |
| Однапред платени трошоци | 4.250 | 4.810 |
| Побарување за дадени аванси во странство | 747 | 1.344 |
| Пресметани камати на купувачи | 8.828 | 8.828 |
| Побарувања од вработените | 111 | 265 |
| Останати побарувања | 691 | 2.469 |
| | **53.555** | **37.458** |
| Намалено за: резервирање поради оштетување | (11.138) | (11.138) |
| | **42.417** | **26.320** |
| | **273.624** | **266.868** |

*Исплатени аванси на добавувачи*

На 31 декември 2021, Друштвото има исплатено аванси на добавувачи на износ од 265 илјади Денари за набавка на патнички возови од CSR Coorporation Limited, НР Кина.

*Старосна структура и квалитет на портфолиото на побарувањата*

Салдото на побарувањата од купувачите на датумот на известување може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

| | Недоспеани неоштетени | Доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2021** | | | | |
| Набавна вредност | 44.307 | 186.900 | 223.577 | 454.784 |
| Исправка на вредност | - | - | (223.577) | (223.577) |
| **Нето евидентирана вредност** | **44.307** | **186.900** | **-** | **231.207** |
| **31 декември 2020** | | | | |
| Набавна вредност | 47.600 | 192.948 | 223.090 | 463.638 |
| Исправка на вредност | - | - | (223.090) | (223.090) |
| **Нето евидентирана вредност** | **47.600** | **192.948** | **-** | **240.548** |

**Побарувања од купувачите и останати побарувања (продолжува)**

Старосната структура на доспеаните, неоштетени побарувања на датумите на известување е како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Од 31-90 дена | 1.151 | 1.821 |
| од 91 до 365 дена | 6.575 | 797 |
| над 1 година | 179.174 | 190.330 |
| | **186.900** | **192.948** |

Промените во сметката на резервирање на побарувања од купувачите поради оштетување е како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **На 01 јануари** | 223.090 | 220.443 |
| Отпишани претходно резервирани побарувања | - | - |
| Негативни курсни разлики | (60) | 180 |
| Расходи поради оштетување за годината (Белешка 21) | 547 | 2.467 |
| **На 31 декември** | **223.577** | **223.090** |

Движењето на сметката на резервирањата од оштетувања на останатите побарувања од купувачите во текот на 2021 и 2020 година е како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **На 01 јануари** | 11.138 | 11.138 |
| Расходи поради оштетување за годината (Белешка 21) | - | - |
| **На 31 декември** | **11.138** | **11.138** |

## 13. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Денарски сметки во домашни банки | 9.582 | 38.031 |
| Благајна | 1.764 | 1.990 |
| Девизни сметки кај домашни банки | 273.943 | 275.834 |
| Останати парични средства | - | 143 |
| | **285.289** | **315.998** |

## 14. КАПИТАЛ

**Акционерски капитал**

На 31 декември 2021 и 2020 година акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 8.966.877 илјади Денари. Истиот е поделен на 8.966.877 обични акции со номинална вредност од 1.000 Денари по акција. Сопственик на Друштвото е Влада на Република Северна Македонија со сопственост од 100% од издадените акции.

## 15. ПОЗАЈМИЦИ

| | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици со камата** | | |
| Европска Банка за Обнова и Развој – ЕБОР (Договор бр. 43997; ЕУР 50.000.000; рок на враќање 30 септември 2027; варијабилна к.ст; 1% провизија на одобрување и 0.5% трошоци за обврзување) | 1.825.728 | 2.132.332 |
| Светска Банка - МБПР (Договор бр. 48020; ЕУР 15.000.000; рок на враќање 15 октомври 2022; 6мес.ЛИБОР плус ЛИБОР вкупен распон) | 44.744 | 89.582 |
| Rail Kargo Австриски Зелезници Австрија РСА (Договор бр. 6677/1; ЕУР 1.054.549; рок на враќање 06 maj 2019) | 6.392 | 6.399 |
| Mav Kargo Маџарски Железници РЦХ (Договор бр. 6677/1; ЕУР 1.174.800; рок на враќање 06 мај 2019) | 19.791 | 19.812 |
| | **1.896.655** | **2.248.125** |
| Тековна доспеаност | (375.215) | (375.619) |
| **Долгорочен дел од долгорочните позајмици** | **1.521.440** | **1.872.506** |
| | | |
| **Краткорочни позајмици со камата** | | |
| Министерство за финансии на РМ | 1.590.037 | 1.283.353 |
| Мепсо АД Скопје (Дог. ОДУ 350/12 од 05.09.2012; МКД 30.000 илјади; фиксна кам.ст. 6% год.) | 32.300 | 32.300 |
| Железница Србија Белград | 18.988 | 19.008 |
| Rail Kargo Австриски Зелезници Австрија РСА (Договор бр. 6677/1; ЕУР 1.054.549; рок на враќање 06 maj 2019) | 6.697 | 16.101 |
| Mav Kargo Маџарски Железници РЦХ (Договор бр. 6677/1; ЕУР 1.174.800; рок на враќање 06 мај 2019) | 7.459 | 17.936 |
| ЕЛЕМ Електрани Македонија АД Скопје (Дог.1418/1, 2780/1 и 4278/3; бескаматни позајмици, одобрен износ 104.000 илјади Денари) | 113.158 | 113.158 |
| Тековна доспеаност на долгорочни позајмици | 375.215 | 375.619 |
| **Вкупно краткорочни позајмици со камата и тековна доспеаност** | **2.143.854** | **1.857.475** |
| **Вкупно позајмици** | **3.665.294** | **3.729.981** |

**Позајмици (продолжува)**

Доспевањето на долгорочните обврски по позајмици е како што следува:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Во рок од една година | 304.288 | 349.411 |
| Од 2 до 5 години | 912.864 | 1.218.475 |
| Од 5 години | 304.288 | 304.620 |
| | **1.521.440** | **1.872.506** |

Во текот на 2021 година, Друштвото позајми средства со камата во вкупен износ од 373.041 илјади Денари (2020: 861.399 илјади Денари). Во текот на 2021 година, Друштвото отплати дел од вкупните позајмици во износ од 437.729 илјади Денари (2020: 351.742 илјади Денари).

Како гарант за кредитите од Светска банка и ЕБОР се јавува Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Обврските спрема Министерство за финансии на РСМ произлегуваат по основ на доспеани, а неплатени девизни обврски по странски кредити.

Одобрените позајмици со камата од МЕПСО АД, Скопје и ЕСМ Електрани на Северна Македонија АД, Скопје се обезбедени со дел од недвижностите, постројките и опремата на Друштвото (види исто Белешка 5 и 25).

## 16. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Обврски кон добавувачи** | | |
| Домашни добавувачи | 1.183.234 | 958.497 |
| Странски добавувачи | 253.390 | 268.074 |
| Обврски спрема странски железници | 1.116.449 | 1.211.034 |
| | **2.553.073** | **2.437.605** |
| **Останати обврски** | | |
| Обврски за депозити | 3.336 | 10.936 |
| Обврски по камати | 25.951 | 30.904 |
| Аванси на купувачи | 10.515 | 24.276 |
| Примени аванси од земјата | - | 661 |
| Обврски кон вработени | 26.809 | 25.227 |
| Обврски за придонеси од плата | 11.718 | 11.046 |
| Обврски за персонален данок | 2.150 | 1.997 |
| Однапред пресметани трошоци | 4.600 | 4.912 |
| Останати обврски | 7.726 | 7.162 |
| | **92.805** | **117.121** |
| | **2.645.878** | **2.554.726** |

## 17. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Приходи од домашен пазар** | | |
| - домашен патнички превоз | 26.878 | 23.084 |
| - домашен стоков сообраќај | 6.919 | 41.014 |
| | **33.797** | **64.098** |
| **Приходи од продажба на странски пазар** | | |
| - странски патнички превоз | 1 | 5 |
| - странски стоков сообраќај | 720.656 | 659.923 |
| | **720.657** | **659.928** |
| **Останати приходи од продажба** | | |
| Приходи од услуги на домашен пазар | 17.321 | 13.052 |
| Приходи од услуги на странски пазар | 388 | 298 |
| | **17.709** | **13.350** |
| | **772.163** | **737.376** |

## 18. ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Приходи од отпис на обврски | 121.950 | 11 |
| Приходи од дивиденди | 87 | 139 |
| Приходи од осигурување | - | 155 |
| Останати приходи | 1.133 | 611 |
| | **123.170** | **916** |

## 19. УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Услуги за тековно одржување | 31.889 | 36.088 |
| | **31.889** | **36.088** |

## 20. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Потрошена енергија | 238.917 | 107.668 |
| Резервни делови | 25.265 | 33.714 |
| Потрошени материјали | 13.016 | 12.242 |
| | **277.198** | **153.624** |

## 21. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| Бруто плати | 475.411 | 469.629 |
| Јубилејни награди | 1.280 | 1.958 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 33.058 | 29.087 |
| Отпремнини | 1.989 | 2.808 |
| Регрес за годишен одмор | 11.600 | - |
| Останати со закон утврдени трошоци | 10.465 | 10.314 |
| | **533.803** | **513.796** |

## 22. ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ ТРОШОЦИ

| | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| Трошоци за меѓународен сообраќај | 13.311 | 30.306 |
| Комунални услуги | 8.572 | 8.467 |
| Услуги за телефонија, интернет и поштенски услуги | 4.305 | 4.453 |
| Членарини, даноци кои не зависат од резултатот и такси | 3.722 | 4.756 |
| Трошоци на агенција за железнички сообраќај | 3.566 | 4.038 |
| Услуги од минати години | 2.465 | 4.651 |
| Отпис на ситен инвентар | 1.975 | 70 |
| Трошоци за платен промет | 1.961 | 3.437 |
| Интелектуални услуги | 1.294 | 856 |
| Надомест за штети, пенали, казни | 1.121 | 4.944 |
| Надомест на членови на управен и надзорен одбор | 1.060 | 972 |
| Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и репрезентација | 886 | 486 |
| Трошоци за осигурување | 769 | 688 |
| Транспортни трошоци | 687 | 530 |
| Оштетување и отпис на побарувања од купувачи (Белешка 12) | 547 | 2.467 |
| Закупнини | 432 | 71 |
| Трошоци за обуки на вработени | 194 | 73 |
| Останати услуги | 3.575 | 2.762 |
| Останати трошоци од работењето | 8.982 | 1.875 |
| | **59.424** | **75.902** |

## 23. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати | 208 | 44 |
| Позитивни курсни разлики | 16.212 | 2.588 |
| | **16.420** | **2.632** |
| **Расходи** | | |
| Расходи од камати | (61.173) | (93.166) |
| Негативни курсни разлики | (14.930) | (12.219) |
| | **(76.103)** | **(105.385)** |
| **Нето финансиски (расходи)** | **(59.683)** | **(102.753)** |

## 24. ДАНОК НА ДОБИВКА

Усогласувањето на вкупниот данок на добивка според Извештајот за сеопфатната добивка за е како што следи:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Добивка/(Загуба) пред оданочување | (277.857) | (384.779) |
| *Усогласување за:* | | |
| Неодбитни трошоци за даночни цели | 2.360 | 3.952 |
| Даночен кредит за реинвестирана добивка | - | - |
| **Основа за оданочување** | **(275.497)** | **(380.827)** |
| Даночна стапка | 10% | 10% |
| **Тековен даночен трошок** | **-** | **-** |
| *Ефективна даночна стапка* | - | - |

Друштвото нема направено резервирање на одложени даночни средства во овие финансиски извештаи, бидејќи Друштвото не може со разумна сигурност да го одреди нивото на даночното средство кое би се искористило во иднина.

## 25. ПОТЕНЦИЈАЛНИ И ПРЕЗЕМЕНИ ОБВРСКИ

*Судски спорови*

Со состојба на 31 декември 2021 година, судските постапки покренати против Друштвото изнесуваат 153.188 илјади Денари (2020: 66.938 илјади Денари).

Со состојба на 31 декември 2021 година, судските постапки, кои Дрштвото ги има покренато против правни лица изнесуваат 26.748 илјади Денари (2020: 3.785 илјади Денари ).

На датумот на овие финансиски извештаи, не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Друштвото, редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на тековните судски спорови.

**Потенцијални и преземени обврски (продолжува)**

*Заложени средства*

Со состојба на 31 декември 2021 година Друштвото има заложено своите недвижности, постројки и опрема  и подвижни предмети како обезбедување за позајмените средства со камата од МЕПСО АД Скопје и ЕСМ Електрани на Северна Македонија АД, Скопје. Дополнително, како гарант за кредитите од Светска банка и ЕБОР се јавува Министерство за финансии на Република Северна Македонија. (види исто Белешки 5 и 15).

*Гаранции*

Со состојба на 31 декември 2021, Друштвото има издадено денарска банкарска гаранција издадени од страна на финансиски институции и правни субјекти во вкупен износ од 10.200 илјади Денари,  во корист на повеќе правни субјекти во земјата и странство за исполнување на своите активности.

*Даночен ризик*

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Друштвото подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценките на Раководството на Друштвото и на датумот на овие извештаи не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат потенцијални материјално значајни обврски по овој основ.

*Капитални обврски*

Не се евидентирани капитални обврски на денот на известување кои не се веќе признати во финансиските извештаи.

*Превземени обврски од договори за позајмици*

Согласно склучениот договор за позајмица со ЕБОР од октомви 2012 година, Друштвото има преземено обврска, во текот на реализација на Проектот, финансиран од ЕБОР, да одржува адекватни финансиски коефициенти, како што следи:

a) Соодноs за сервисирање на долг – не понизок од 1

Соодносот за сервисирање на долг согласно договорениот кредит е дефиниран како соодноs на нето паричниот тек од оперативни активности за 12 месеци од претходниот датум на пресметка плус сите камати пресметани за време на тој период, минус паричните текови од оперативни активности кои се искористени за стекнување на долгорочни средства освен делот кој е финансиран од жирантот во однос отплатата на главницата на позајмици и сите пресметани камати на финансискиот долг во текот на тој период.

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Соодноs за сервисирање на долг | (1,12) | (1,68) |

## 26. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Трансакциите со поврзаните субјекти се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година.

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2021 година** | | | | |
| Министерство за транспорт и врски | - | - | 436.748 | - |
| Министерство за финансии | - | 1.590.037 | - | - |
| Влада на РСМ | - | - | 80.000 | - |
| Клучен раководен кадар | - | - | - | 1.361 |
| | **-** | **1.590.037** | **516.748** | **1.361** |
| **31 декември 2020 година** | | | | |
| Министерство за транспорт и врски | - | - | 384.941 | - |
| Министерство за финансии | - | 1.283.352 | - | - |
| Влада на РСМ | - | - | 110.000 | - |
| Клучен раководен кадар | - | - | - | 8.119 |
| | **-** | **1.283.352** | **494.941** | **8.119** |

## 27. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По 31 декември 2021 година - датум на известувањето, до денот на одобрување на овие финансиски извештаи следниве настани се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи:

- По 31 декември 2021 година, ширењето на COVID-19 сериозно влијае на многу локални економии низ целиот свет. Во многу држави, бизнисите се принудени да го прекинат своето работење или да ги лимитираат своите активности за подолг или недефиниран период. Преземените мерки со цел запирање на ширењето на вирусот, вклучувајќи забрани за патувања, карантин, социјално дистанцирање и затворање на несуштински услуги кои предизвикаа значајно нарушување на бизнисите ширум целиот свет, резултирајќи со економско забавување. Глобалните берзи исто така доживуваат големи несигурности и нивно значајно слабеење. Владите и централните банки исто така реагираа со монетарни и фискални интервенции со цел стабилизирање на економската состојба. Друштвото смета дека овие настани се некорективни настани по периодот на известување. Соодветно, финансиската состојба и резултатите од работењето на и за периодот кој завршува на 31 декември 2021 година не се корегирани да го рефлектираат ова влијание. Времетраењето и влијанието на пандемијата COVID-19, како и ефективноста одговорот од страна на владата и централната банка, остануваат нејасни во овој момент. Не е возможно веродостојна проценка за времетраењето и сериозноста од овие последици, како и влијанието на финансиската состојба и резултатите од работењето и паричните текови на Друштвото во идните периоди.
- Воените дејствија во Украина од страна на руските сили на кои започнаа на 24 февруари 2022 година претставува далекуопфатен настан кој исто така ќе остави јасни траги во глобалната економија, а со тоа и во корпоративното финансиско известување. Влијанијата веднаш се почувствуваа на стоките и финансиските пазари, посебно со воведувањето остри санкции против Русија. Последиците за Русија и наметнувачките држави се веднаш видливи, но на подолг рок ќе има исто така значајни последици за глобалната економија. Во моментов е тешко возможно да се предвиди колку долго ќе трае оваа криза, која исто така може да се интензивира со понатамошни активности дури и по завршувањето на воените дејствија. Поради тоа, Друштвото смета дека овие настани се некорективни настани по периодот на известување. Соодветно, финансиската состојба и резултатите од работењето на и за периодот кој завршува на 31 декември 2021 година не се корегирани да го рефлектираат ова влијание.

# Прилози

# Прилог 1 - Годишна сметка со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2021

Прилог 2 - Годишен извештај за работењето со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2021